08-1521/5
08-08-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на првото продолжение на 8-та седница одржана на ден 01.08.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со бр.08-4314/1 од 30.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-4314/1 од 30.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со бр.08-4314/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ____________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата в.д. Директор на ________________ не поднел анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до ______________. Видно од повратницата извршена е уредна достава до горе наведеното лице на ден 27.03.2023 година кое во законски предвидениот рок нема постапено по прекршочниот платен налог. Во врска со тоа на ден 29.03.2024 година за сторителот на прекршокот ДКСК изготви Барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија по што е донесено Решение со бр. 14-1522/5 од 24.06.2024 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Н.Т-М, советник
Одобрил: Б.Ц, член

Претседател
Татјана Димитровска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk